2

830 Službeni vesnik SR Makedonije 91000 Skopje fah 51

СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски, односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 4 мај 1984
БЕЛГРАД
БРОЈ 24 ГОД. XL

Цена на овој број е 26 динари. – Претплатата за 1984 година изнесува 1.425 динари. Рок за рекламации 15 дена. – Редакција: Улица Јована Ристића број 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

## 206.

Врз основа на член 84 став 2 од Законот за измени и дополненија на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82), на предлог од Здружението на банките на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ ВО ВРСКА СО ПРЕНОСОТ НА ДЕВИЗИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И НА ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ ПРАВНИ ЛИЦА НА ДЕВИЗНА СМЕТКА КАЈ ЕДНА ОВЛАСТЕНА БАНКА

1. Со оваа одлука се регулираат односите меѓу банките овластени за вршење на платниот промет и кредитните работи со странство и банкарските организации кои имаат овластување за вршење на девизно-валутни работи во Југославија, во врска со преносот на девизи на организациите на здружен труд и на други општествени правни лица на девизна сметка кај една овластена банка.

2. Овластената банка од која девизи на организациите на здружен труд и на други општествени правни лица се пренесуваат на девизна сметка кај друга овластена банка ги пренесува на таа друга овластена банка и сите девизни обврски на тие организации и на други општествени правни лица.

Овластената банка од која се пренесуваат девизите истовремено со извршувањето на налогот за пренос на девизите ѝ поднесува на другата овластена банка преглед на постојните девизни обврски на организациите на здружен труд и на другите општествени правни лица спрема странство што се извршуваат преку таа банка.

3. Овластената банка на која се пренесуваат девизите и девизните обврски согласно со точка 2 од оваа одлука, два дена пред денот на втасувањето на обврската по основ на земен кредит или дадена гаранција ќе и ги пренесе девизите потребни за намирување на втасаната обврска на овластената банка која ги пренесла девизите, а која останала должник или гарант спрема странство по странски кредити на организации на здружен труд и други општествени правни лица.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п.бр. 145
1 март 1984 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Борисав Сребриќ**, с. р.

## 207.

Врз основа на член 24 и член 66 став 1 точка 16 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), во согласност со точ. 2 до 4 на Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1984 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83), Советот на гувернерите донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА НЕТО ДОМАШНАТА АКТИВА И НА ДИНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА БАНКИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 АПРИЛ ДО 30 ЈУНИ 1984 ГОДИНА

1. Во Одлуката за усогласување на обемот и динамиката на порастот на нето домашната актива и на динарските пласмани на банките во период од 1 април до 30 јуни 1984 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/84), во точка 2 став 2 процентот: „2,5%" се заменува со процентот: „3,0%", процентот: „5,0%" – со процентот: „6,0%" и процентот: „7,0%" – со процентот: „8,3%".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 28
25 април 1984 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
**Радован Маќиќ**, с. р.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

### ОДЛУКА
### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБАТА НА ЧЛЕН 205 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

1. Претпријатието на стоковните куќи „Белград" – Основна организација на здружен труд XXV во Параќин, пред Уставниот суд на Југославија поведе постапка за оценување на согласноста на одредбата на член 205 од Законот за здружениот труд со член 15 на Уставот на СФРЈ, зашто смета дека со оспорената законска одредба уредената одговорност на работниците за материјалната штета, сторена на организацијата на здружен труд во областа на трговијата, не обезбедува остварување на труд со општествените средства на начинот и под услови што се предвидени во наведената уставна одредба, како ни целосна заштита на општествената сопственост на средствата на трудот. Затоа предлага, во постапката на оценувањето на

оваа законска одредба да се утврди дека ефикасната заштита на општествената сопственост во овој случај би можела да се остварува само ако работниците во трговијата солидарно би одговарале за штетата што ќе настане и поради обично невнимание.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, во одговор на предлогот на овластениот предлагач, утврден на 21. седница одржана на 3 ноември 1983 година, смета дека не постои несогласност на член 205 од Законот за здружениот труд со Уставот на СФРЈ, како и дека нема основ и причини да се пристапи кон негова измена односно дополнение заради поинакво уредување на одговорноста на работниците за материјалната штета.

2. Оспорената одредба на член 205 од Законот за здружениот труд, во став 1 предвидува, работник кој во работата или во врска со работата, намерно или со крајно невнимание, предизвика штета на основната организација, должен е да ја надомести. Другите одредби на овој член од Законот што предвидуваат одговорност на повеќе работници за настаната штета, се спорни во мерка во која таа одговорност се остварува според начелата од став 1 на таа одредба.

3. Уставниот суд на Југославија, по спроведената постапка и одржаната јавна расправа, на која зедоа учество претставници на поголем број органи на државната управа,правосудството и општествените организации, при оцената на спорното прашање, тргна од уставното начело дека работниците, остварувајќи го правото на работа и управување со средствата за производство во општествена сопственост, се одговорни едни на други и на социјалистичката заедница во целост (Оддел III на Уводниот дел од Основните начела на Уставот на СФРЈ). Материјалните и другите видови одговорности и условите на одговорноста, според член 108 став 6 од Уставот на СФРЈ, се уредуваат со закон и со самоуправниот општ акт на организацијата на здружен труд.

Согласно со член 15 од Уставот на СФРЈ, во остварувањето на правото на работа со општествени средства, работниците во здружениот труд заемно се одговорни, во заеднички и општ општествен интерес, со тие средства општествено и економски целесообразно да се користат и, како материјална основа на својата и вкупната општествена работа, постојано да ги обновуваат, зголемуваат и унапредуваат и своите работни обврски совесно да ги извршуваат.

Спрема тоа, здружувајќи го својот труд со средствата на трудот во општествена сопственост, работниците се должни своите права, обврски и одговорности во поглед на располагањето, користењето и управувањето со тие средства, да ги уредуваат со свои самоуправни општи акти, во согласност со уставот и законот, како и со природата и намената на тие средства, како што е утврдено во член 230 од Законот за здружениот труд.

Тргнувајќи од ваквата уставно-правна положба на работниците во здружениот труд, Уставниот суд на Југославија оцени дека работниците во здружениот труд имаат уставна обврска совесно да ги извршуваат своите работи и задачи и посебно да водат сметка за средствата на трудот што им се доверени на чување, со тоа што своите работни должности и обврски ќе ги утврдат со своите самоуправни општи акти. Во тој уставно-правен контекст, според оцената на Уставниот суд на Југославија, утврдувањето на одговорноста на работниците за штети што ќе ги направат намерно или од крајно невнимание, е согласно со уставно-правната положба на работниците како носители на сите права и обврски на средствата на трудот што им се доверени на користење, чување и унапредување, што е и цел на здружувањето на нивниот труд со тие средства, со тоа што врз основа на правото на работа со општествените средства, работниците во здружениот труд не можат да стекнуваат материјална корист и други предимства што не се засновани врз нивната работа. За резултатите на својата општествено-корисна работа, работниците остваруваат личен доход додека за штетите што ќе ги направат со средствата на трудот намерно или од крајно невнимание, поднесуваат материјална одговорност (зашто во спротивно би можеле да имаат корист и предимства засновани врз штетата што ја прават на средствата на трудот). Од тие причини, според оцената на Уставниот суд на Југославија, одредбата на член 205 од Законот за здружениот труд е согласна со начелата и со одделни одредби на Уставот на СФРЈ.

4. Уставниот суд на Југославија врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и на член 34 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата за советување и гласање, одржана на 15 март 1984 година, донесе

Одлука

Не се прифаќа предлогот на Претпријатието на стоковните куќи „Белград", Основна организација на здружен труд XXV во Параќин, да се утврди дека одредбата на член 205 од Законот за здружениот труд е несогласна со Уставот на СФРЈ.

Оваа одлука ја донесе Уставниот суд на Југославија во состав на: претседателот на Судот Воислав Ракиќ и членовите на Судот: д-р Јосиф Трајковиќ, Божидар Булатовиќ, Мустафа Сефо, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, д-р Васил Гривчев, Јаким Спировски, Славко Кухар, Радко Мочивник, Милосав Стијовиќ и Рамадан Враниќи.

У-бр. 235/82
15 март 1984 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
**Воислав Ракиќ**, с. р.

# ОДЛУКА

## ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ПРЕГЛЕДОТ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ, ПРИКЛУЧУВАЊЕТО И ПОПРАВКАТА НА МЕРНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ НА БАРАЊЕ ОД ИМАТЕЛОТ

1. На иницијатива од Драган Киковиќ, од Лесковац, Уставниот суд на Југославија поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите за баждарење на броила на барање од трети лица, означени со редните броеви од 34 до 41 во Прегледот на цените на услугите, приклучувањето и поправката на мерните инструменти на барање од имателот, што го донесе Работничкиот совет на „Електродистрибуција" - Лесковац и го евидентира Регионалната заедница за работи на цените во Лесковац под Ев. бр. 5/57 од 24 април 1979 година, оценувајќи дека основано може да се постави прашање за уставноста и законитоста на овие одредби.

2. Со оспорените одредби се утврдени цените на повременото задолжително баждарење на броилата на електрична енергија, што се пресметуваат и наплатуваат само при баждарењето на броилата во сопственост на граѓаните.

Подносителот на претставката ја оспори уставноста и законитоста на овие одредби затоа што плаќа иста цена за киловат-час електрична енергија како другите граѓани кои не се должни да ги плаќаат и трошоците на баждарењето на броила зашто живеат во општествени станови.

3. На јавната расправа одржана во Уставниот суд на Југославија на 22 септември 1983 година, претставникот на „Електродистрибуција" - Лесковац изложи дека трошоците на подготвувањето на броилата за баждарење им се пресметуваат на сопствениците на броила, зашто станува збор за трошоци на работењето на таа работна организација во врска со баждарењето на броилата што се во приватно сопствеништво, со тоа што истите трошоци не се наплаќаат при баждарењето на броила во општествена сопственост односно на оние броила чиј имател е организацијата на здружен труд.

Заради разјаснување дали во структурата на цената на електричната енергија влегуваат и трошоците на баждарењето на броилата, прибавени се мислења од Републичката заедница за работи на цените на СР Србија и од Електродистрибуција - Белград, врз основа на кои Уставниот суд на Југославија установи дека трошоците во врска со баждарењето на броилата и во општествено и во приватно сопствеништво се опфатени со цената на електричната енергија која важи за потрошувачката во домаќинствата.

3. Според одредбата на член 16 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76 и 34/80), мерилата што се употребуваат во јавниот сообраќај подлежат на задолжителен преглед заради утврдување на нивната исправност. Грижата за повремен преглед на овие мерила им е ставена во должност на организациите на здружен труд што им продаваат разни видови енергија на граѓаните и на другите субјекти со Наредбата за определување на видовите мерила за кои прегледот е задолжителен („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/76), додека цените на баждарењето на броилата се утврдени со Одлуката на Сојузниот извршен совет за височината и на-

чинот на плаќањето на трошоците за преглед и типско испитување на мерилата и со Тарифата во состав на таа одлука („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/79). Согласно со член 281 став 1 точка 13 од Уставот на СФРЈ, федерацијата преку сојузните органи го уредува и го обезбедува извршувањето на прописите во областа на контролата на мерите и на скапоцените метали, што таа во целост и го обезбеди со наведените прописи, без пренесување на овластувањето истите односи да ги уредат другите општествено-политички заедници односно да се уредат самоуправно во организациите на здружен труд.

Согласно со наведеното, како и фактот дека трошоците за баждарење на броилата се содржани во цената на електричната енергија, која е иста за сите потрошувачи од определени категории на потрошувачка, не е согласно со Уставот на СФРЈ истите цени двојно да се наплаќаат од одделни граѓани по основ на нивното право на сопственост на инструменти со кои оваа енергија се мери.

Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 15 март 1984 година, согласно со член 375 од Уставот на СФРЈ и со член 34 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, донесе, со мнозинство гласови

Одлука

Се поништуваат одредбите за баждарење на броилата на барање од трето лице под редните броеви 34 до 41 во Прегледот на цените на услугите, приклучувањето и поправката на мерните инструменти на барање од имателот што го донесе Работничкиот совет на „Електродистрибуција" – Лесковац.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Судот Воислав Ракиќ и членовите на Судот: д-р Јосиф Трајковиќ, Божидар Булатовиќ, Мустафа Сефо, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, д-р Васил Гривчев, Јаким Спировски, Славко Кухар, Радко Мочивник, Милосав Стијовиќ и Рамадан Враниќи.

У-бр. 214/82
15 март 1984 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
**Воислав Ракиќ,** с. р.

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ЗА БАЖДАРЕЊЕ НА БРОИЛА И НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ НАСТАНАТИ СО СИМНУВАЊЕ НА БРОИЛА, СЕРВИСИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА ЗА ПРЕГЛЕД И ЖИГОСУВАЊЕ И СО ПОВТОРНО МОНТИРАЊЕ НА ТИЕ БРОИЛА ПО ИЗВРШЕНИОТ ПРЕГЛЕД И ЖИГОСУВАЊЕ

1. По иницијатива на група граѓани од Костолац, Уставниот суд на Југославија поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на цените на услугите за баждарење на броила што ја донесе Работничкиот совет на ООЗТ „Електроморава" во Пожаревац, на 7 декември 1982 година, оценувајќи дека основано може да се постави прашањето за нејзината уставност и законитост. Во текот на постапката пред Уставниот суд на Југославија, доносителот на оспорената одлука изврши измена на називот на таа одлука и терминолошки измени во самата одлука, при што трошоците за баждарење на броилата ги замени со изразите „симнување на броила, сервисирање, подготовка за преглед, жигосување, повторно монтирање." Новата одлука е донесена на 29 април 1983 година и со неа е заменета оспорената одлука од 7 декември 1982 гдоина. Уставниот суд на Југославија, утврдувајќи дека обата акта уредуваат исти односи, ја прошири постапката за оценување на уставноста и законитоста и на Одлуката за височината на трошоците настанати со симнување на броила сервисирање, подготовка за преглед и жигосување и со повторно монтирање на тие броила по извршениот преглед и жигосување.

2. Во оспорените одлуки се утврдени цените на определени работни операции што ги презема организацијата на здружен труд во врска со обврската за повремено баждарење на броилата на електрична енергија, што се пресметуваат и наплатуваат само при баждарењето на броилата што се во сопственост на граѓаните.

Подносителите на иницијативата ја оспорија уставноста и законитоста на овие одлуки затоа што плаќаат иста цена за киловат-час електрична енергија како другите граѓани, кои не се должни да ги плаќаат и трошоците за баждарење на броилата, зашто живеат во општествени станови.

3. На јавната расправа, одржана во Уставниот суд на Југославија на 22 септември 1983 година, претставникот на ООЗТ „Електроморава" изнесе дека трошоците за подготвување на броилата за баждарење им се пресметуваат на сопствениците на броилата, зашто станува збор за трошоци на работење на таа основна организација во врска со баждарењето на броила што се во приватно сопствеништво, со тоа што истите трошоци не се наплаќаат при баждарење на броилата во општествена сопственост, односно чиј имател е таа основна организација на здружен труд.

Заради разјаснување дали во структурата на цената на електричната енергија влегуваат и трошоците на баждарењето на броилата, прибавени се мислења од Републичката заедница за работи на цените на СР Србија и од Електродистрибуција – Белград, врз основа на кои Уставниот суд на Југославија установи дека трошоците во врска со задолжителното баждарење на броилата и во општествено и во приватно сопственишто се опфатени со цената на електричната енергија што важи за потрошувачката во домаќинствата.

3. Според одредбата на член 16 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76 и 34/80), мерилата што се употребуваат во јавниот сообраќај подлежат на задолжителен преглед заради утврдување на нивната исправност. Грижата за повремен преглед на овие мерила, им е ставена во должност на организациите на здружен труд што им продаваат разни видови енергија на граѓаните со Наредбата за определување на видовите мерила за кои прегледот е задолжителен („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/76), додека цените на баждарењето на броилата се утврдени со Одлуката на Сојузниот извршен совет за височината и начинот на плаќање на трошоците за преглед и типско испитување на мерилата и со Тарифата во состав на таа одлука („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/79). Согласно со член 281 став 1 точка 13 од Уставот на СФРЈ, федерацијата преку сојузните органи го уредува и го обезбедува извршувањето на прописите во областа на контролата на мерите и на скапоцените метали, што таа во целост и го обезбеди со наведените прописи, без пренесување на овластувањето истите односи да ги уредат другите општествено-политички заедници, односно да се уредат самоуправно во организациите на здружен труд.

Согласно со наведеното, како и фактот дека трошоците за баждарење на броилата се содржани во цената на електричната енергија која е иста за сите потрошувачи од определени категории потрошувачка, не е согласно со Уставот на СФРЈ истите цени двојно да се наплатуваат од одделни граѓани по основ на нивното право на сопственост на инструментите со кои оваа енергија се мери.

Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 15 март 1984 година, согласно со член 375 од Уставот на СФРЈ и со член 13 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, донесе со мнозинство гласови.

Одлука

Се поништуваат Одлуката за утврдување на цените на услугите за баждарење на броила и Одлуката за височината на трошоците настанати со симнување на броила, сервисирање, подготовка за преглед и жигосување и повторно монтирање на тие броила по извршениот преглед и жигосување, што ги донесе Работничкот совет на Основната организација на здружен труд „Електроморава" во Пожаревац.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Судот Воислав Ракиќ и членовите на Судот: д-р Јосиф Трајковиќ, Божидар Булатовиќ, Мустава Сефо, д-р Стана Ѓукиќ – Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, д-р Васил Гривчев, Јаким Спировски, Славко Кухар, Радко Мочивник, Милосав Стијовиќ и Рамадан Враниќи.

У. бр. 9/83
15 март 1984 година
Белград

Претседател,
на Уставниот суд на Југославија,
**Воислав Ракиќ,** с. р.

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБАТА НА ЧЛЕН 32 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ НА РАБОТНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ СЛУЖБИ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА „БЕЛГРАДСКИ БОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" ВО БЕЛГРАД

1. Со оспорената одредба на член 32 од Правилникот е пропишано различно вреднување на работниот стаж, како еден од критериумите за распределба на станови, така што за секоја година помината на работа надвор од Работната организација, работникот добива 6 бода, а за секоја година помината на работа во Работната организација, работникот добива 18 бода.

2. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 став 1 точка 4 од Уставот на СФРЈ, на седницата одржана на 21 март 1984 година, со мнозинство гласови, донесе

### Одлука

1. Се укинува одредбата на член 32 од Правилникот за станбените односи на Работната заедница на Заедничките служби на Работната организација „Белградски водовод и канализација" во Белград.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во Работната заедница на Заедничките служби на Работната организација „Белградски водовод и канализација" во Белград, на начинот на кој е објавен Правилникот чија одредба се укинува.

3. Причините за ваква одлука се дадени во одлуката на Уставниот суд на Југославија У. бр. 144/79 од 5 октомври 1983 година, која е објавена во „Службен лист на СФРЈ, бр. 59/83 од 18 ноември 1983 година.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседателот на Судот Воислав Ракиќ и судиите: Рамадан Враниќи, д-р Васил Гривчев, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Славко Кухар, Радко Мочивник, Јаким Спировски, Милосав Стијовиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, Мустафа Сефо и Божидар Булатовиќ.

У бр. 45/83
21 март 1984 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија
**Воислав Ракиќ**, с. р.

---

## ОДЛИКУВАЊА

### УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Србија

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

#### СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Дравић Миленка Милена, Дробњак Милана Перо, Марић Душана Миладин, Миленковић Александра Љиљана, Николајевић Жарка Светомир, Радивојевић Стевана Сотир;

– за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

#### СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Чукић Михајила Будимир, Ћурућ Живадина Миодраг, Кепески-Фајдетић Грга Ђурђица, Пекмезовић- Крнетић Бранка Милева, Посинковић-Станчић Ивана Албина, Радовић Иво Божа, Шаковић Јована Милош, Бушановић Радована Драгиша,

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

#### СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Алигрудић Петра Слободан, Андрејевић Владимира Сретен, Андрић Војислава Живомир, Антић Стојана Жарко, Аранђеловић Војислава Стојан, Арсић Радивоја Момир, Божиновић-Павешић Душана Душанка, Цицмил Лазара Гојко, Дамњановић Драгутина Јован, Данковић Александра Стојан, Даутовић Ибра Мурат, Димитријевић Николе Василије, Драгичевић Јанка Милован, Ђокић Александра Драгољуб, Ђукић Радована Богољуб, Грчић Драгутина Душан, Хамзић Сејда Рецо, Хасанбеговић Ахмета Мухамед, Ивановић Младена Милисав, Јанић Живадина Миодраг, Јанковић Драгослава Александар, Јевђенијевић Чедомира Миодраг, Јевтовић Андреје Драослав, Јосиповић Димитрија Драгољуб, Јовановић Михајла Драгутин, Јовановић-Радојковић Војислава Софија, Кацаревић Костадина Атанасије, Каменовић Александра Јордан, Коцић Стојана Велимир, Крајиновић Јове Никола, Крстановић Ристе Илија, Курјаковић Луке Госто, Луковац Тодора Миодрат, Максимовић Михајла Душан, Максимовић Јована Зоран, Маркоић Хранислава Лазар, Марковић Драгомира Страхиња, Маслић Јосипа Винко, Мићевић Живка Здравко, Михајловић Златана Владимир, Милановић Владимира Томислав, Миличевић Божидара Милета, Милосављевић Божидара Момчило, Миловановић Божидара Слободан, Митић Стоилко Урош, Надашкић Ранислава Душан, Недељковић Радоја Момчило, Нешковић Радоша Драгојле, Никић Јовише Милић, Пантић Борисава Мила, Павловић Радојице Радован, Петровић Светозара Никола, Прековић Александра Драгољуб, Радић Милана Стеван, Радојковић Милоша Радосав, Радошевић Десимира Живомир, Радовић Алексија Станимир, Рајевац Војислава Миодраг, Рајић Душана Војислав, Реџепагић Махмута Етхем, Рогић Недељка Комнен, Салкановић Бахта Алија, Симић Драгољуба Радомир, Спасојевић Максима Војин, Станисављевић Милутина Миливоје, Стевовић Герасима Милош, Стиковић Милана Добривоје, Стојаковић Владимира Миодраг, Стојановић Добривоја Младен, Шиљан Јована Момчило, Шљивић Јована Бранко, Тодоров Стојанче Цоне, Васовић Првослава Љубо, Винчић Адама Јанко, Влајић Благоја Славко, Вуковић Михаила Бранко, Вуковић Милана Реља,Вуличевић Милана Живорад,Захаријев Заре Симеон, Жегарац Душана Душица;

– за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

#### СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНАЦ

Буцало Николе Стево, Филимоновић Велисава Сретен, Јадранин Радосава Драган, Јовић Косте Миладин, Кликовац-Ђуковић Симе Јелена, Кокот Томе Бранко, Лазић Светислава Синиша, Мандић Саве Боро, Николић Бошко Душан, Николић Милисава Лазар, Новаковић Богића Нинко, Новаковић Јована Новак, Пашић-Кљајић Бубало Стеве Смиља, Пошарац Живојина Радован, Савић Милана Љубомир, Стојичић Љубимира Хранислав, Тодоровић-Ђоковић Милорада Радмила;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

Душана Ратомир, Милојевић Радована Милош, Милорадовић Чедомира Властимир, Милосављевић Младена Милан, Милосављевић Матије Жарко, Милошевић Милорада Аврам, Милошевић Здравка Јордан, Милошевић Вукадина Павле, Милошевић Милије Светислав, Миловановић-Кукић Стевана Мирослава, Миловановић Десанке Светомир, Миловановић Бождара Живко, Минић Радиусава Микајло;

Минић Ранка Живојин, Мирковић Чедомира Драгослав, Митић Божидара Драгиша, Митић Арсенија Велибор, Митровић Радоја Добривоје, Митровић Мојсила Михајило, Митровић Петра Сава, Младеновић Томе Миодраг, Младеновић Милана Новак, Мојсиловић Александра Живомир, Муратовић Дервиша Хацо, Мутавџић Илије Александар, Небригић Гавре Ђорђе, Недељковић Вељка Иван, Ненадић Радомира Здравко, Ненадовић Живка Обрад, Несторовић Живојина Мирослав, Николић Манојла Иван, Николић Мате Милан, Николић Младена Петар, Николић Јеврема Радован, Николић Љубисава Зоран, Николић Богосава Жарко, Николић Миладинка Живорад, Николић Милана Рајко, Новаковић Милоша Драгутин, Новић Тодора Владимир, Нухановић Мујa Изет, Обрадовић Недељка Миливоје, Обрадовић Драгише Милорад, Обреновић Растка Миленко, Ољача-Николић Душана Љиљана, Остојић Милоша Раде, Пантић Рајка Станимир, Папић Мика Видоје, Пауновић Војислава Превисав, Пауновић-Ракићевић Јована Станислава, Павић Владимира Живорад, Павковић Миће Мане, Павловић Жарка Божидар, Павловиџ Милоја Миле, Павловић Љубомира Недељко;

Пецић Јована Војислав, Пејатовић Рафаила Милан, Пешић Чедомира Ненад, Пешић Властимира Ненад, Петковић-Аћимов Тезе Анђелка, Петковић Мирослава Љубивоје, Петров Коста Тодорча, Петровић Лазара Крста, Петровић Милорада Миливоје, Петровић Милоша Милорад, Петровић Радисава Мирољуб, Петровић-Штраус Ивана Олга, Петровић-Релић Жарка Оливера, Петровић Петра Павле, Петровић Лазара Слободан, Пиљевић Ђорђа Четко, Пјевчевић Здравка Видоје, Поповић-Давидовић Милинка Иванка, Поповић Милана Момчило, Поповић Момчила Рајко, Прековић Гаврила Љубиша, Протулипац Михајла Чедо, Пуцељ Станислава Милан, Радић Васе Ранко, Радишић -Радисављевић Светимора Љубица, Радивојевић Драгића Периша, Радоњић Васо Бранко, Радоњић Живка Славко, Радосављевић Чедомира Иван, Радосављевић Јована Радослав, Радовановић Миладина Миодраг, Радовановић Радована Миодраг, Радовановић Велимира Никола, Радовановиш Милорада Живко, Радовиш Радослава Ђорђе, Радовић Ћирка Миливоје, Радовић Новака Радисав, Радовић-Радовић Уроша Стана, Ранковић Добривоја Братислав, Ранковић Станка Михаило, Расулић Обрена Михаило;

Ратковић Лазара Крста, Ратковић Раденка Рајко, Реновица Николе Владимир, Ристић Живадина Милован, Росић Драгутина Миодраг, Рус Тодора Жарко, Ружичић Јордана Никола, Сарић Милена Драгослав, Саватић Мирослава Војислав, Савић Војислава Драгован, Савић Драгомира Радојко, Савић Бранка Тома, Савковић Здравка Станко, Сеочанац-Милићевић Вељка Ружица, Симеуновић Михаила Светолик, Симовић Богдана Боривоје, Симовић Живадина Живорад, Слившек Руперта Руперт, Срејић Христифора Милоје, Стајковић Радомира Љубиша, Станишић Марка Милисав, Стефановић Живка Михајло, Степановић Животе Милутина, Степановић Радоја Младен, Стевановић Живорада Ранко, Стевановић Живадина Видосав, Стојадиновић Милете Љубомир, Стојанац-Нешић Богољуба Катарина, Стојановић Петра Александар, Стојановић Петра Љубомир, Стојановић Петра Михаило, Стојановић Милована Здравко, Стојичић Милана Драгомир, Стојић Шпире Јован, Стојић Глише Мирослав, Стојичевић-Филиповић Теодосија Олга, Стојковић Вучка Милисав, Стојковић Живадина Радивоје, Стојковић Милоша Владимир, Стошић Миливоје Милан, Шајкић Велимира Мирослав;

Шакић Милоша Ђорђе, Ша липур Добра Славко, Шалипур Драгољуба Слободан, Шаренац Обрена Живко, Шећић Незира Шафет, Шиљак Тома Милован, Шкорнички-Мијовић Илије Гроздана, Шпица Милуна Витомир, Шпиртовић Касима Латиф, Шуловић Авда Бехудин, Тахтовић Хусо Кадрија, Таловић Радоње Радош, Тановић Луке Милош, Теофиловић Ивана Милан, Терзић Манојла Мирослав, Тијанић Драгиша Милан, Тимотић Богољуба Драган, Тишевић-Пуалић Радована Марија, Токић-Михаиловић Радомира Радмила, Томашевић Милуна Градимир, Томић Ристо Стеван, Томић Славка Томислав, Топаловић Љубомира Раденко, Топаловић Велисава Живомир, Тошев-Вељовић Марка Слободанка, Трајковић Милоша Иван, Урошевић Ранка Владимир, Васиљевић Борисава Михајло, Видановић Драгољуба Милорад, Витковић Радована Ристо, Виторовић Ивана Маринко, Војиновић Илије Александар, Војисављевић Драгомира Павле, Вранеш Шпире Маринко, Вучковић Мирка Мирко, Вукајловић Јездимира Милун, Вукајловић Видоја Петар, Вукашиновић Павла Драгојин, Вукић Милана Томислав, Вуковић Војислава Александар, Буковић Јанка Десимир, Вуковић Петра Гојко, Вуковић Тагомира Јеврем, Зарић Привислава Михаило, Зазић Симе Миодраг, Зечевић Момира Бранко, Зечевић Александра Душан, Зекавица Живорада Бранислав, Зековиш-Хаџимуртовић Шукрије Хасида, Зеленовић Шпиро Миладин;

– за залагање во социјалистичката изградба на земјата

## СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Андрић Милутина Живорад, Антић–Адамовић Драгутин Десанка, Арсенијевић Милована Љубисав, Бекчић Мирка Трифун, Белоица Јеврема Милош, Богдановић Мирослава Радоје, Богојевић Драгомира Радиша, Цанер Емила Ханрих, Дамјановић–Марјановић Тадије Аница, Давидовић Младена Борисав, Делић Ислам Рефик, Ђоковић Радивоја Бошко, Ђукановић Тома Радомир, Ђукановић–Гостиншек Ивана Викторија, Ђурђевић Чедомира Бора, Ђурић Јевђенија Анђелија, Финча Михајла Христина, Гавриловић Миливоја Славољуб, Глумбић Мирка Предраг, Густаревић Бранка Александар, Јаковљевић Живка Сретен, Јеремић Срећка Миладин, Јевтић Милисава Радивоје, Јевтић Животе Томислав, Јовановић Светислава Станоје, Килибарда–Ковачевић Радована Мирослава, Костић Борисава Радун, Котлајић Милије Рајко, Ковачевић–Ромић Митра Јованка, Ковачевић Ранка Радојица, Кузмановић Милана Станислав, Лакетић Крста Богдан, Леонтијевић–Чалић Николе Марија, Лукић Живојина Часлав, Међедовић Драгољуба Петар, Михајловић Зарије Владимир, Мијановић Саве Милан, Миличевић Живојина Радољуб, Милић Драгутина Малија, Миликић–Филиповић Мила Цана, Миливојевић Милорада Слободан, Милошевић Јованке Петар, Милошевић Миладина Слободан, Миловановић–Анђелковић Чедомира Љиљана, Миловановић–Кнежевић Михаила Зорка, Мирић–Лукић Богомира Радославка, Митровић Миливоја Драгомир, Митровић Миленка Мирослав, Митровић Милисава Војкан, Мосур Јована Љубомир, Мрвељ Анте Иван, Муслијевић Бебља Слободан, Никић Здравка Живко, Николић Сретена Богољуб, Николић Миодрага Пантелија, Николић Миленка Светозар, Пантелић–Петровић Саве Љиљана, Павичевић Петра Зоран, Павловић Властимира Радован, Петровић Миломира Драган, Петровић Стојана Спасоје, Попадић–Милошевић Милосава Емилија, Поповић Илије Марко, Поповић–Вујошевић Гавре Стојана, Посарић–Ковачевић Витомира Зорица, Радивојевић Живана Витомир, Радојевић Добривоја Ратко, Радојко Ђуре Славко, Рајевић Вељка Видојко, Раовић Милоша Јован, Салапура–Јанковић Трипко Милка, Салкановић Ибра Шефик, Савић Бранка Томислав, Совиљ–Павичевић Павла Госпава, Срна Нециба Мухарем, Стојановић Ђорђе Милан, Стојковић Гвоздена Миодраг, Стојовић Илије Мирко, Шуковић Добривоја Миладин, Танасковић Радоја Аранђел, Танасковић–Павловић Страхиње Мирослава, Теофиловић Душана Бранка, Тица Мирка Милош, Томић Богољуба Будимир, Томовић Перка Љубомир, Трифуновић Стојана Јовица, Васиљевић Владимира Божидар, Васиљевић Живојина Раденко, Васојевић Душана Љубомир, Вељковић Богомира Станиша, Весић Милорада Милинко, Вићовац Драгослава Драгиша, Влаисављевић–Папучић Луке Ана, Влајић Гавра Радослав, Вујић Слободана Милијада, Здравковић–Ђорђевић Љубисава Драгана, Живановић Милета Новица, Живковић Николе Добривоје, Живковић Светолика Радослав, Тодоровић Тадије Живомир;

– за залагање и постигнати успеси во работата

## СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Аћимовић Боривоја Милорад, Ајдуковић–Радивојевић Драгољуба Даринка, Алајбеговић Сулејмана Ибра-

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.